РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14 - 185/1-2
25.07. 2012 год.
Скопје

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
УЈЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo
Pranuar / Примено / Received 15.08.2012

| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
|---|---|---|---|
| 14 | 874/4 | / | / |


Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09 и 115/10 и 17/11 и 51/11), Одборот за акредитација и евалуација на 11. седница одржана на 30.05.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**со кое се акредитира студиската програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Кривично право на Правниот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитира студиска програма од третиот циклус на докторски студии по **Кривично право на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово**, согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиска програма за третиот циклус студии по **Кривично право,** во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на третиот циклус, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со научниот назив : **Доктор по правни науки – област кривично право,** научно-истражувачко подрачје: Општествени науки , научно истражувачко поле: 508 правни науки, Научно-истражувачка област: од 50800 до 50835.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Правниот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за организирање на трет циклус на студии на Правниот факултет и Одлуката за усвојување на студиските програми за Кривично право од Сенатот на унивезитетот на Југоисточна Европа во Тетово, поднесе Елаборат за акредитација на студиска програма бр.12-184/1 од 29.05.2012 година до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на студии од третиот циклус студии, студиска програма по кривично право.

Одборот за акредитација и евалуација на својата 10. седница одржана на 30.05.2012 година формира експертска комисија и на 11. седница одржана на 21.06.2012 година, врз основа доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски

**СПИСОК НА МЕНТОРИ**
**ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ**

Со прегледот на доставените информации за потенцијалните ментори на докторски трудови на студиската програма по **Кривично право, Меѓународно право и Граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот на Југпоисточна Европа во Тетово**, согласно Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност (,,Службен весник на Република Македонија" бр.103/2010),Уредбата за изменување и дополнување на уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (,,Службен весник на Република Македонија" бр.168/2010), и Законот за високото образование (,,Службен весник на Република Македонија" бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009, бр.83/2009, бр.99/2009. Бр.115/2010 и бр.17/2011, комисијата констатира исполнување на критериумите на следните наставници:

1. Проф. д-р Исмаил Зејнели
2. Проф. д-р Денис Фарингтон
3. Проф д-р Стефан Стор
4. Проф. д-р Владо Камбовски
5. Проф. д-р Алба Думи
6. Проф. д-р Родна Живковска
7. Проф. д-р Данче Манолева-Митровска
8. Проф. д-р Татјана Петрушевска
9. Проф. д-р Реџеп Гаши

Бројот на студенти на докторските студии изнесува 27 студенти

Скопје 20.06.2012

**Претседател на Одборот**
**за акредитација и евалуација**
**на високото образование**
**Проф. д-р Михаил Петковски**